РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 08-2371/19
03-03-2023 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 83 -та седница одржана на ден 27.02.2023 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ______________, министер за _______________ во Владата на РСМ, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-4167/1 од 04.09.2019 година.

Предметот со број 08-4167/1 од 04.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-4167/1 од 04.09.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

ДКСК, од именуваниот побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на именуваниот беа доставени бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на __________________ и членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Од извршената анализа на прибавената документација, ДКСК констатира дека лицето ______________ се стекнал со ½ сопственост од недвижен имот со површина од 464 м2 на улица ______________ бр. ______ во Скопје со вредност од 27.840.000,00 денари. Со цел да се утврди основот на стекнување и начинот на финансирање на погореопишаниот имот, ДКСК побара дополнителни информации од именуваното лице во конкретниот случај ______________, од финансиските институции на територија на РСМ како и од косопственикот на недвижноста _______________.

ДКСК, од прибавените податоци од наведените институции како и податоците од анкетниот лист поднесен од страна на именуваниот, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**